


# КАРПОШ
## неделен Е - БИЛТЕН




**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ 2-9 мај 2025 Билтен бр. 594**

# ООУ „ПЕТАР ПОП АРСОВ" ДОМАЌИНИ НА ДЕТСКИОТ ХОР „КАМПАНЕЛА" ОД ЧЕШКА

**По повод настап на детскиот хор ,,Кампанела" од градот Оломоуц, Република Чешка во ООУ ,,Петар Поп Арсов" , денеска, во холот на училиштето, се собраа ученици, родители и наставници, да го проследат музичкиот спектакл. Интересни и шаролики гласови, се споија во едно и звучеа извонредно од грлата на Чешките ученици но и од грлата на учениците од Петар Поп Арсов.**

**Имено, детскиот хор е дојден во Р. С. Македонија со цел да учествува на Меѓународен фестивал на фолклорни групи/хорови во Охрид. Како дел од нивната агенда беше и посетата на ООУ,,Петар Поп Арсов".**

**Хорот ,,Кампанела" е основан во 1967 година и оттогаш претставува значаен дел од културниот живот на градот Оломоуц. Во текот на своето постоење, хорот одржал повеќе од 2.500 концерти и настапувал низ цела Европа, Азија, Америка и Африка. Кампанела со успех ја претставува Република Чешка на бројни меѓународни фестивали и натпревари за хорови.**

**На настанот, освен што се преставија двата хора, следуваше и кратка прошетка низ училиштето.**

**На музичкиот настап присуствуваше и градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски.**



# РЕНОВИРАНО ДЕТСКОТО ИНКЛУЗИВНО ИГРАЛИШТЕ ВО ВЛАЕ

**Општина Карпош го реновираше детското инклузивно игралиште кое се наоѓа во рамки на плоштадот Делфина, откако истото беше цел на вандали и речиси целото беше демолирано од страна на несовесни граѓани. Во таа насока, локалната самоуправа постави нова подлога која е безбедна за користење, како и нови современи реквизити (освен централниот реквизит кој сѐ уште е во добра состојба) и други забавни содржини за најмладите карпошани. Во оваа пригода повторно апелираме до сите граѓани да се однесуваат совесно и разумно да ги користат реквизитите, бидејќи пред сѐ станува збор за инклузивно игралиште на кое се рекреираат и децата со попреченост.**



# ВЛАДИМИР ГРЧЕВ, УЧЕНИКОТ КОЈ ОСВОИ 100 ПОЕНИ НА ДРЖАВНИОТ НАТПРЕВАР ПО МАТЕМАТИКА

**Само неколку недели подоцна од освоеното прво место на Државниот натпревар по информатика, основецот од ООУ,,Братство" Владимир Грчев од 9-то одделение, освојува 100 поени на Државниот натпревар по математика за основни училишта, од 4-то до 9-то одделение. Тој е меѓу четворицата најдобри математичари од вкупно 59 пријавени ученици. Натпреварот се одржа минатиот викенд на Природно-математичкиот факултет во Скопје, а во организација на Сојузот на математичари на Македонија (СММ). Неговата посветена работа и трудољубивост, го доведе до врвот на најдобрите математичари на ниво на целата држава.**

**Почнувајќи со информатички и математички натпреварувања уште од мал, тој е освојувач на медали и дипломи/пофалници на училишни, регионални и државни натпреварувања. Неговиот ментор Петре Крстевски, кој е предметен наставник по математика во ООУ,,Братство", му беше целосна поддршка на Владимир овој викенд, каде што ги освојува 100-те поени.**

**По целосната селекција од четирите 100-ки, најдобрите математичари ќе ја добијат шансата како заслужна награда, да учествуваат на математичката Олимпијада, која ќе се одржи кон крајот на мај.**



# КАРПОШ ЌЕ ПОСТАВУВА „РЕПЕЛЕНТ“ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПОЈАВА НА ЗМИИ

**Во рамки на редовните пролетни активности, Општина Карпош и оваа година има ангажирано овластена фирма која се занимава со поставување на „Репелент“, односно средство за превенција и заштита од змии. Со оглед на моменталните временски услови (бидејќи постојат услови за врнежи од дожд), надлежните информираат дека наскоро кога се очекува да настапи стабилно и сончево време, службите ќе излезат на терен и ќе ја спроведат акцијата за поставување на ова заштитно средство. Инаку, „Репелент“ ќе се поставува околу основните училишта и детските градинки, како и во непосредна близина на плоштадите, парковите и пофреквентите места на територија на Карпош. Станува збор за природен производ кој е безопасен за луѓето, животните и околината, којшто придонесува за намалување на појавата на влекачи.**



# СООПШТЕНИЕ

**Општина Карпош со неверување ја прифати иницијативата за укинување на „Член 62 а“ од Законот за градба и не можеме да се изначудиме како владејачката ВМРО-ДПМНЕ укина еден вака важен член од законот. Членот „62 а“ ја обврзуваше локалната самоуправа при издавање на градежна дозвола соседите да бидат информирани во рок од 48 часа, за градбата во нивното непосредно соседство и им даваше право да извршат увид во проектната документација и издадената градежна дозвола.**

**Да потсетиме, овој член од законот го донесе министерот Миле Јанакиевски во владата на Никола Груевски и го промени претходниот закон со кој задолжително се бараше согласност од соседите доколку градбата е поблиску од 3 метра до оградата. Ваквата одредба навистина претставуваше кочница при изградбата и до израз многу често доаѓаа лошите соседски односи кои на моменти дури се претвораа во изживување.**

**Измената предложена од министерот Јанакиески беше во склад со транспарентноста и овозможи соседите да бидат информирани, да извршат увид, но дали ќе се гради или не, зависеше од законските и подзаконските акти, а не од волјата на комшилукот. Транспарентноста беше запазена. Кочница при издавање на дозволите немаше и не ни е јасно што има потреба владејачката партија која се декларираше дека не ги штити интересите на инвеститорите, туку на граѓаните да направи ваква измена со која целосно ќе го укине дури и информирањето на најблиските соседи, што е според наше мислење недозволиво.**

**Длабоко сме убедени дека ова не е барање на локалната самоуправа, туку е барање исклучиво на инвеститорите, а министерството за транспорт и врски се крие зад наводното барање на општините.**

**Недозволиво е соседот да нема право дури и да изврши увид во документацијата. Оваа измена не е во согласност со европските директиви, ја намалува транспарентноста и затоа ја повикуваме претседателката на државата Гордана Сиљановска Давкова, да не ги потпише овие измени на законот.**

**Општина Карпош и понатаму ќе ги информира соседите при издавање на градежните дозволи.**

# ПОТТИКНУВАЊЕ НА ЖЕНСКОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПОСТОЕЧКОТО




**Здружението на бизнис жени започнува со имплементација на проектот: „Поттикнување на женското претприемништво и зајакнување на постоечкото преку вмрежување и политики за поддршка на жени претприемачи од Општина Карпош“, во соработка со Општина Карпош, како дел од активностите и приоритетите на Локалниот совет за женско претприемништво. Во рамките на проектот ќе се организираат повеќе настани – трибини, панел-дискусии и неформални кафе-дружења – со цел унапредување и поддршка на жените претприемачи од Општина Карпош. За подобра комуникација, мапирање на постоечките ресурси и идентификување на предизвиците со кои се соочуваат жените претприемачи, ќе се креира единствена база на жени претприемачи од Општина Карпош. Ве покануваме да се регистрирате и станете дел од оваа база. Вашите податоци ќе се користат исклучиво за потребите на проектот и за идна соработка со Локалниот совет за женско претприемништво.**

**Линк за регистрација: https://docs.google.com/forms/d/1BXANr_E5R1gSQx0AG-64DO6LWxC0UEynqiQj4lFllAmA/preview**

**Повеќе информации на contact@abw.mk**

# ОДБЕЛЕЖАНИ 80 ГОДИНИ ОД ПОБЕДА НАД ФАШИЗМОТ

**Делегација на Општина Карпош предводена од градоначалникот Стевчо Јакимовски, Секретарот Весна Стефанова и претставник на општинската администрација, денеска положија свежо цвеќе пред споменикот на Првиот скопски партизански одред во населбата Карпош 3, во рамки на манифестацијата која ја организираше Сојузот на борци на Македонија – Карпош (СБМ), по повод одбележување на Денот на победата над фашизмот. На денешната свеченост, пред паметникот се поклонија и положија цвеќе, делегациите на Сојузот на Борците на Македонија, Здружението на ветерани и резервисти на одбраната и безбедноста, здруженија на пензионери, Организацијата на жени од општина Карпош, делегации на политички партии, како и делегација на компанијата Anti Aging Center.**

**Во оваа пригода пред присутните се обрати првиот човек на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, кој потсети на големата жртва која ја даде нашиот народ за својата независност.**

**Кога зборуваме дали било тешко, јас морам да кажам дека им се восхитувам на овие луѓе кои што речиси голораки тргнале да се борат против тогашната држава која била под окупација. Тие успеаја да не донесат до победата, не само да славиме дека сме го победиле најголемото зло на 20-тиот век а можеби и на човештвото, тоа е фашизмот, туку успеаја да ни донесат држава во која што ние говориме и пишуваме на мајчин јазик. Ние секогаш како мал народ, но и како општина која го носи името на славниот Карпош, безкомпромисно ќе бидеме против било какви идеи на неофашизмот. Ќе бидеме против било какви идеи за историски ревизионизам, да застанеме на нивна страна, тоа значи повторно да го посакаме Бирхенау, Дахау, да ја посакаме Треблинка, да го посакаме Аушвиц, Јасеновац и други логори на смртта. Во името на големата победа што ја постигна и нашата армија на чело со Михајло Апостолски, да потсетам дека ние се ослободивме сами, додека други силни и високи офицери ослободуваа други држави, ние овде сами се ослободувавме. Точно дека сме млада држава ама полека но сигурно ќе дојдеме до првиот век. Нека ни е честит Денот на победата, нека живее нашиот Карпош – истакна Јакимовски.**


OPEN TO MORE
TUBORG